ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
02-33/4
20. 01. 2020 год.
КРАТОВО

# ДОГОВОР
## За сукцесивна набавка на кафетериски услуги за потребите на општина Кратово за 2020 година

Склучен помеѓу:

**1. Општина Кратово,** со седиште на ул.„Плоштад Маршал Тито“ бб, 1360 Кратово претставувана од страна на Градоначалник д-р Љупчо Бојаџиев како нарачател на услугите, и
**2. Друштво за производство, трговија и услуги ТЕА 2008 ДООЕЛ Кратово**, со седиште на ул.„Плоштад Маршал Тито“, бр.10, 1360 Кратово ЕМБС:6350232, претставувано од управителот Емилија Николова, како извршител на услугите.

**Член 1**

Предмет на договорот е набавка на кафетериски услуги за потребите на општина Кратово по спроведена постапка и барање на понуда за вршење на кафетериски услуги со бр.02-33/3 од 08.01.2020 година.

Угостителските - кафетериските услуги ќе се вршат по ценовникот за храна и пијалоци кој е составен дел на овој договор и нормативите за храна и пијалоци заверени од страна на општината.

Овој договор започува да важи од денот на склучувањето со важност за една (1) година.

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот не смее да го надмине износот од 40.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Набавката ќе се врши сукцесивно, зависно од потребите на општината, а нарачките ќе ги вршат овластени лица од страна на Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Плаќањето ќе се врши врз основа на испоставена фактура со испратница во законски рок односно во рок од 30 дена од приемот на фактурата во архива на општина Кратово.

**Член 5**

Извршителот на услугите се обврзува услугите од член 1 од овој договор да ги извршува спрема стандардите и нормативите за извршување на таков тип на услуги, да ги исполнува HACCP стандардите и да ги извршува навремено и квалитетно.

За секоја угостителска услуга извршителот на услугите уредно доставува фактура со испратница потпишана од страна на овластеното лице во која задолжително се повикува на бројот на договорот.

**Член 6**

Нарачателот на услугите се обврзува да обезбеди средства за плаќање на фактурираната вредност и истата да ја плати во договорениот рок.

**Член 7**

Општина Кратово нема обврска да го искористи целосниот износ од член 2.

**Член 8**

Со содржината на овој договор согласни се двете договорни страни.

**Член 9**

Се што не е предвидено со овој договор важат позитивните законски прописи кои ја регулираат соодветната материја.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни ќе го решават спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд во Куманово.

**Член 11**

Овој договор е составен во четири еднакви примероци од кои по два за двете договорни страни.

**Изготвил: Катерина Станковиќ**
**Одобрил: Тодорче Николовски**

| | |
|---|---|
| **ЗА НАРАЧАТЕЛ**<br>**ОПШТИНА КРАТОВО**<br>**Градоначалник**<br>**д-р Љупчо Бојаџиев** | **ЗА ИЗВРШИТЕЛ**<br>**ТЕА 2008 ДООЕЛ Кратово**<br>**Управител**<br>**Емилија Николова** |